Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-271/6
Датум: 03-10-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-271/1 од 3.3.2025 година поднесена од ---- и група засегнати лица против ---- и ---- за заштита од дискриминација врз основ на политичка припадност и други видови уверување во областа на домувањето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на политичка припадност и други видови уверување во областа на домување од страна на ---- и ---- кон ---- и групата засегнати лица.

## О б р а з л о ж е н и е

На 3.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од страна на подносителот ----, кој ја поднесе претставката во негово име и во име на група засегнати лица, за заштита од дискриминација врз основа на политичка припадност и други видови уверување во областа на домувањето против ---- и ----.

Во претставката подносителот наведува дека бил припадник на ---- и вработен како ---- во ---- на територијата на ----. По спроведениот референдум на 8ми септември 1991 година и прогласувањето на независноста на Република Македонија ---- се повлече од територијата на Република Македонија. Тогаш ---- донела одлука за прифаќање на ----, ---- и ---- од страна на Република Македонија. Таа одлука била објавена во Службен весник на ---- (доставено во прилог). Подносителот реферира на член ---- од одлуката, каде е наведено дека Република Македонија ги прифаќа сите ---- и ---- од ---- кои ја напуштаат ---- и се вклучуваат во ---- на Република Македонија. Во член ---- од одлуката е наведено дека прифаќањето на ---- подразбира нивно: вработување, пензиско и инвалидско осигурување, здравствена заштита и решавање на станбено прашање. Со член ---- од одлуката се задолжиле ----, ----, ----, ---- и ---- да ја реализираат оваа одлука ----. Подносителот откако дознал за одлуката ----, во април 1992 година ја напушил ---- и се вратил во Македонија. Потоа, се јавил во ---- и се вклучил во системот ---- на Република Македонија. Тој информира дека ---- преку надлежните ---- ги исполнила првите три обврски т.е. го вработила, му обезбедила пензиското, инвалидско осигурување и здравствена заштита. ---- не ја исполнила единствено четвртата обврска од одлуката, односно не го решила нивното станбеното прашање, поради што подносителот смета дека тој и неговите колеги се дискриминирани. По повеќе од 32

години откако е вклучен во системот ---- на Република Македонија, неговото станбеното прашање не е решено. Во продолжение подносителот појаснува дека на конкретниот повик на ---- се отповикале и вклучиле голем број на ---- (се работи приближно за неколку илјади лица) во системот на ---- на Република Македонија. Во текот на годините, ----, ---- и други надлежни органи организирале поделба на станови од станбениот фонд на ---- и на најголем број од лицата кои биле прифатени од ---- им го решила станбеното прашање. Тој тврди дека начинот на кој било решавано станбеното прашање бил неправилен и дискриминатораски, мотивиран од политичка основа. Подносителот тврди дека при таквите поделби на станови од станбениот фонд на ----, биле доделувани станови на лица кои не потекнувале и не биле прифатени од ----, туку се вработиле во ---- многу години подоцна и кон кои државата немала обврска за решавање на станбеното прашање согласно горенаведениот повик ----. Од друга страна, тие кои одвојувале лични средства од платите во станбениот фонд на---- додека работеле во ----, останале без стан. Последната таква поделба на станови од станбениот фонд на ---- била на ---- година, кога биле доделени 40-тина станови на ---- во ----, меѓу кои повторно имало лица кои многу покасно биле вработени во ---- и не биле од групата ----, односно биле лица кои не одвојувале лични средства во тој станбен фонд. Подносителот тврди дека причина за тоа била блискоста на овие лица со одредени политички партии, појаснувајќи го тоа така што секоја политичка партија кога била на власт ги вршела поделбите и доделувањето на становите по свои критериуми и приоритети, но пред се' на лица блиски до партиите, членови на партиите, симпатизери и подджувачи, а останатите ги третирале дискриминаторски. Според подносителот во текот на годините се менувале привилегираните лица при решавање на станбеното прашање, додека оние како него и групата засегнати кои биле аполитични (не биле членови на партии, симпатизери или поддржувачи) никако не можеле да дојдат на ред за решавање на станбеното прашање на кое имале право согласно одлуката ----. По толку години подносителот и останатите лица оствариле право на старосна пензија, а останале со нерешено станбено прашање и без кров над глава. Поради нерешеното станбено прашање ---- им овозможила сместување во ----, со што привремено засегнатите лица и нивните семејства добиле домување. Но, подносителот потенцира дека условите за живеење во ---- биле субстандардни, за сместувањето плаќале месечен надомест и вложувале сопствени средства за реновирање на собите како би создале попристојни услови за живеење. ---- како начин за решавање на станбеното прашање на сите свои припадници им исплаќало надомест за закупнина на стан, но подносителот и засегнатите со пензионирањето го изгубиле правото на тој надомест. Подносителот споредувајќи го проблемот со земјите членки на ---- и соседните држави, вели дека на ---- при заминување во пензија им се решава станбеното прашање или им се определува надоместок за станарина. Во претставката се наведува дека во решенијата издадени од ---- за живеење во ---- стоело дека лицата имаат право на сместување до решавање на станбеното прашање. Во случајот на подносителите не било така, бидејќи тие го изгубиле тоа право со стекнувањето на право на старосна пензија. Од моментот на пензионирање тие морале да го напуштат објектот до 30.4.2025 година. На тој начин наведуваат дека со нерешено станбено

прашање, со изгубено право на надоместок на закупнина и со присилното иселувањето од ---- тие и нивните семејства практично остануваат без кров над глава и ќе се најдат на улица. Поради наведеното со претставката се бара Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да преземе мерки за отстранување на дискриминацијата. Претставката беше поднесена од подносителот ----, во негово име и во име на: ----, ----, ----, ----, ----, ---- и ----.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до ---- и ---- достави Барање за произнесување по претставката. Со истото побара информации за тоа дали постои методологија за распоредување на становите, дали постои план во однос на обезбедување на домување на оние лица на кои требало да им се обезбеди стан, а не им бил доделен до нивното пензионирање, како и појаснување за плановите на ---- во врска со лицата сместени во ---- по нивното пензионирање и губење на правото на престој.

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен допис од ----, со кој се информира Комисијата дека по Барањето за произнесување ќе се произнесе надлежната ----, до која по службена должност ќе биде препратено Барањето.

Од страна на ---- беше доставен поднесок за произнесување по претставката кој се осврнува на релевантната правна рамка со која е уредена распределбата на службените станови преку ----. Во поднесокот се реферира на:

- Член ---- од Законот за ----;
- Член ---- од Уредбата ----;
- Методологијата ----.

Во поднесокот се посочува дека е утврдено службените станови да се доделуваат на вработени задолжени за извршување суштински функции, за кои е потребна согласност од министерот, особено кога живеалиштето на вработениот се наоѓа на најмалку 30 километри од местото на живеење до местото на вршење на дејноста во рамки на ---- и ----. Во однос на ---- известуваат дека ---- преку Правилник бр. ---- од ---- година ја артикулира регулаторната рамка со која се уредува организацијата и користењето на објектите за привремено сместување. Се потенцира дека таквите објекти се наменети за персоналот на ---- и ---- и не ги прошируваат привилегиите за сместување на нивните семејства. Во врска со надзорот над политиката за домување за вработените во ---- посочуваат дека е исклучиво на одговорното ----. Во прилог на поднесокот за произнесување беа доставени: Правилник ---- на ---- и Куќниот ред.

---- до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави поднесок за произнесување по претставката. Во истиот се наведува дека ---- никогаш немал

надлежност да доделува станови на користење за службени потреби, а уште помалку да врши продажба на станови на станови од ----, ниту имал надлежност во минатото да учествува во утврдување на методологија за распределување на станови. Се реферира на Заклучок на Владата од ----, според кој ---- било задолжено сите станови заедно со целокупната документација да ги предаде на ----, кое согласно Законот за ---- е задолжено за стопанисување и водење евиденција за становите. Со Записник за примопредавање на документација за ---- бр. ---- од ---- година е извршено предавање на становите. Во продолжение се појаснува дека становите од ---- се давале на користење од страна на ----, а истите се продавале преку ----. Воедно, се наведува дека надлежниот ---- нема информации и можности да се произнесе за планови на ---- за станбениот статус на лицата сместени во ---- по нивното пензионирање или губење на правото на престој во истиот. Согласно Закон и Колективен договор на вработените во ---- им се исплатува надомест на трошоци за закупнина, што според нив ја истакнува грижата на работодавачот кон правата на вработените. Согласно тоа информираат дека од страна на ---- се испочитувани правата согласно законските одредби предвидени во Законот за ---- и останатите позитивни правни прописи. Во прилог кон дописот беше доставено и известување од ---- бр. ----.

Врз основа на наводите од претставката, поднесоците за произнесување и приложените докази, Комисијата донесе мислење дека во конкретниот случај не извршена директна дискриминација кон подносителот на претставката и групата засегнати лица. Од изнесеното во претставката произлегува дека не била исполнета обврската од Одлуката за ---- и се вклучиле во системот ---- на Република Македонија. Како дискриминаторски основи ги навеле политичка припадност и други видови уверување, појаснувајќи дека нивното станбено прашање како лица кои се политички неутрални, односно не се поддржувачи или членови на ниту една политичка партија не било решено, но станбеното прашање на други лица кои биле поддржувачи, симпатизери или членови на некоја од политичките партии било решено. Меѓутоа, подносителите тоа единствено го навеле, но не посочиле за кои лица станува збор, ниту доставиле докази со кои се потврдува таквото тврдење. Имено, за истото е потребно посочување на компартор, односно лица кои се наоѓаат во слична или споредлива ситуација, односно лица - ----, на кои поради нивната политичка припадност или уверување им било решено станбеното прашање. Во недостаток на такви информации не може да се увиди нееднаквиот третман базиран на наведените дискриминаторски основи. Дополнително, не се доставени ниту докази со кои се потврдува дека нерешавањето на нивното станбено прашање се заснова токму на овие дискриминаторски основи.

За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителот треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторската основа и настанатата повреда.**

Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа.

Имајќи предвид дека тврдењето за дискриминација не е сторено веројатно, во конкретниот случај Комисијата не утврди дискриминација кон подносителот на претставката и групата засегнати лица.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е **секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други**. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на Мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- ----
- ----
- ----